Врз основа на член 124 став (1) алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 43 став 1 алинеја 11 и член 83 точката 15 од Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија бр. 01-1414/2 од 05.03.2026 година, Програмскиот совет на МРТ на својата 47-ма седница, одржана на 19.06.2026 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот на спроведување на постапките вработување, унапредување и распоредување на уредници, новинари и други носители на дејност и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија

### Предмет на уредување
### Член 1

(1) Со овој Правилник се уредува начинот на спроведување на постапката за вработување, унапредување и распоредување на уредници, новинари и други носители на дејност и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија (во натамошниот текст: МРТ).

(2) Постапките за вработување, унапредување и распоредување на административните службеници се спроведува согласно со закон.

### Пополнување на работни места на даватели на услуги и помошно – технички лица
### Член 2

(1) Пополнувањето на работните места на даватели на услуги и помошно – технички лица во МРТ се врши преку спроведување на постапка  за:
- вработување;
- унапредување; и
- мобилност преку внатрешно распоредување или преземање.

(2) Вработувањето од став (1) алинеја 1 на овој член се врши преку објавување на јавен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, се избира најстручниот и најкомпетентниот кандидат за работното место.

(3) Унапредувањето од став (1) алинеја 1 на овој член се врши преку објавување на интерен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, во која врз основа на оценката за учинокот, стручноста и компетентноста на кандидатите, се избира најдобриот кандидат за работното место од редот на вработените во институцијата.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, именувањето и разрешувањето на одговорните уредници на МРТ го врши директорот во согласност со закон.

(5) Мобилноста од став (1) алинеја 1 на овој член се врши согласно потребите на МРТ, со нивно внатрешно распоредување или со нивно преземање од или во друга институција на јавниот сектор согласно со закон.

### Видови вработувања
### Член 3

(1) Вработувањето на даватели на услуги и помошно – технички лица во МРТ може да биде на определено и на неопределено време.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член заради извршување на физичка и/или интелектуална работа, МРТ може да ангажира лица врз основа на договор на дело.

(3) Доколку лицата ангажирани со договор на дело треба да извршуваат работи поврзани со основната дејност на МРТ, договорите за дело се заменуваат со договори за вработување на определено или неопределено време, согласно со закон.

(4) Вработувањето на определено време се спроведува преку јавен оглас согласно со одредбите од овој правилник или преку користење на услуги на агенција за привремени вработувања,

(5) МРТ може да вработува на определено време преку упатување на лица за вработување од евиденцијата на невработените лица заради непредвидливи и итни активности што се јавуваат во вршењето на надлежностите на институцијата, додека трае потребата на институцијата, а најдолго три месеци.

(6) Вработувањето согласно ставот (5) на овој член не може да се врши повеќе од два пати годишно, при што вкупниот број на вработени лица, не смее да биде поголем од 5% од бројот на сите вработени во институцијата.

**Комисија за селекција и јавен оглас**
**Член 4**

(1) За вработување на уредници, новинари и други носители на дејност и помошно – технички лица во МРТ, Директорот формира Комисија за селекција, составена од претседател и два члена од редот на вработените лица, од кои еден задолжително да биде од организациската единица за управување со човечки ресурси.

(2) Директорот на МРТ во Комисијата за селекција од ставот 1 на овој член при спроведување на постапка за вработување на уредници, новинари и други носители на дејност може да вклучи професионалци од соодветната област со најмалку петгодишно искуство кои не се редовно вработени во МРТ туку се ангажирани со или без надомест за таа цел.

(3) Членовите на комисијата за селекција, вклучително и надворешните членови, потпишуваат изјава за непостоење на судир на интереси и изјава за доверливост.

(4) Вработувањето на уредници, новинари и други носители на дејност и помошно – технички лица во МРТ се врши по пат на јавен оглас.

(5) Јавниот оглас за вработување се објавува на веб страница на МРТ, како и во најмалку два дневни весници, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(6) Во јавниот оглас се назначува називот на институцијата, називот и описот на работното место.

(7) Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (1) на овој член не може да биде пократок од 15 дена од денот на објавувањето.

**Постапка за вработување**
**Член 5**

(1) Постапката за вработување на уредници, новинари и други носители на дејност и помошно – технички лица во МРТ се состои најмалку од две фази и тоа:

- фаза 1 - административна селекција и
- фаза 2 - интервју.

(2) Со одлука на Директорот, донесена по сопствена иницијатива или на предлог на Уредничкиот колегиум или Комисијата за селекција може да се спроведе и дополнителни фази на проверка во постапката за вработување на уредници, новинари и други носители на дејност, во зависност од природата на работното место.

(3) Административната селекција се состои од проверка на исполнувањето на условите наведени во јавниот оглас.

(4) За кандидатите за кои во текот на административната селекција е утврдено дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас или не ги доставиле потребните докази, постапката за селекција завршува.

(5) Заради дополнителна проверка на компетенциите на кандидатите за уредници, новинари и други носители на дејност, може да се спроведат дополнителни фази на

проверка како што се тестирање, аудиција, практична проверка на знаења или други форми на проверка, за што Комисијата за селекција е должна да ги извести кандидатите на денот на завршување на административната селекција, со податоци за содржината и формата на дополнителната фаза на проверка.

(6) Комисијата за селекција спроведува интервју со сите кандидати кои ја поминале административната селекција и дополнителната фаза на проверка, доколку била спроведена.

(7) По завршување на интервјуто, Комисијата за селекција подготвува конечна ранг листа на кандидати и ја доставува до Директорот на МРТ.

(8) Директорот на МРТ е должен да донесе одлука за избор за најдобро рангираниот кандидат.

(9) Одлуката за избор се објавува на веб страната на МРТ.

(10) Против одлуката за избор незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката до Програмскиот совет.

(11) Програмскиот совет е должен да одлучи по приговорот во рок од 15 дена, од денот на приемот на целосната документација.

(12) Жалбата не ја одлага одлуката на директорот од ставот 8 на овој член.

**Постапка за именување и разрешување на одговорни уредници**
**Член 6**

(1) Директорот на МРТ ги именува и разрешува одговорните уредници на МРТ.

(2) Пред да ја донесе одлуката од ставот 1 на овој член, директорот на МРТ е должен да побара мислење од Уредничкиот колегиум.

(3) Програмскиот совет на МРТ дава согласност за именување и разрешување на одговорните уредници во МРТ. По добивањето на мислењето од ставот 2 на овој член, директорот на МРТ е должен до Програмскиот совет да достави предлог за именување или разрешување, кон кој го приложува и мислењето на Уредничкиот колегиум.

(4) Доколку Програмскиот совет на МРТ не даде согласност за именувањата или разрешувањата на одговорните уредници во МРТ, за тоа писмено ќе го извести директорот на МРТ со детално образложение за причините поради кои не е дадена согласноста.

**Постапка за унапредување на останатите носители на дејност и помошно-технички лица**
**Член 7**

(1) За унапредување на останатите уредници, новинари и други носители на дејност, како и на помошно-техничките лица директорот на МРТ, формира Комисија за селекција за унапредување, составена од претседател и два члена од редот на вработените, од кои еден задолжително да биде од организациската единица за управување со човечки ресурси.

(2) Директорот на МРТ во Комисијата за селекција за унапредување од ставот 1 на овој член при спроведување на постапка за унапредување на останати уредници освен оние од членот 5 на овој Правилник, новинари и други носители на дејност може да вклучи професионалци од соодветната област со повеќегодишно искуство кои не се редовно вработени во МРТ туку се ангажирани со или без надомест за таа цел.

(3) За отпочнување постапка на унапредување се објавува интерен оглас на веб страницата на МРТ и образец за пријава за унапредување.

(4) На интерниот оглас може да се јави вработен во МРТ, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветно ниво во Правилникот за систематизација на работни места во МРТ како и:

- совесно и одговорно да си ги извршувал работните задачи;
- да е на работно место на пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на работно место во МРТ; и

- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

(5) Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријава преку писарницата на МРТ до организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси.

(6) Рокот за пријавување на интерниот оглас не може да биде пократок од три работни дена, односно подолг од пет работни дена од денот на неговото објавување.

(7) Пријавата содржи име и презиме, тековно работно место, ниво и работно искуство на пријавениот кандидат.

(8) Постапката за селекција за унапредување се состои од две фази: административна селекција и интервју.

(9) Со одлука на Директорот, донесена по сопствена иницијатива или на предлог на Уредничкиот колегиум или Комисијата за селекција за унапредување може да се спроведе и дополнителни фази на проверка во постапката за унапредување на уредници, новинари и други носители на дејност, во зависност од природата на работното место.

(10) Административната селекција се состои од проверка на исполнувањето на условите наведени во јавниот оглас.

(11) За кандидатите за кои во текот на административната селекција е утврдено дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас или не ги доставиле потребните докази, постапката за селекција завршува.

(12) Заради дополнителна проверка на компетенциите на кандидатите за останати уредници, новинари и други носители на дејност, може да се спроведат дополнителни фази на проверка како што се тестирање, аудиција, практична проверка на знаења или други форми на проверка, за што Комисијата за селекција за унапредување е должна да ги извести кандидатите на денот на завршување на административната селекција, со податоци за содржината и формата на дополнителната фаза на проверка.

(13) Во рок од 5 (пет) дена по административната селекција, односно спроведената дополнителна фаза на проверка, Комисијата спроведува интервју со кандидатите кои ја поминале административната селекција.

(14) Врз основа на бодовите од претходните фази на селекција, комисијата составува финална ранг листа и му го предлага прворангираниот кандидат на Директорот на МРТ.

(15) Во рок од три дена од добивањето на предлогот директорот на МРТ донесува одлука за избор, која се доставува до кандидатите за унапредување и се објавува на огласна табла.

(16) Против одлуката на директорот од ставот 15 на овој член, незадоволниот кандидат има право да поднесе приговор до Програмскиот совет во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката.

(17) Програмскиот совет е должен да одлучи по приговорот во рок од 15 дена, од денот на приемот на целосната документација.

(18) Жалбата не ја одлага одлуката на директорот од ставот 15 на овој член.

## Вршители на должност
## Член 8

(1) Директорот на МРТ може да назначи ВД одговорни уредници на период не подолг од шест месеци, по добиено мислење од Уредничкиот колегиум и согласност од Програмскиот совет.

(2) Уредничкиот колегиум, во чиј состав влегуваат одговорните уредници кои се именуваат и разрешуваат е должен да внимава на потенцијален судир на интереси при давање на мислењето од ставот (1) на овој член.

(3) Директорот на МРТ со одлука во писмена форма може да задолжи вработен привремено да извршува и работни задачи од друго работно место, за период не подолг од два месеци.

(4) Доколку извршувањето на работните задачи од друго работно место е потребно за период подолг од оној утврден во ставот (3) на овој член, вработениот времено се распоредува на тоа работно место согласно одредбите за мобилност.

**Мобилност преку распоредување и преземање на вработените во МРТ**
**Член 9**

(1) Мобилноста преку распоредување е хоризонтално движење на вработените во МРТ од едно на друго работно место во рамките на истата група, категорија и ниво на работно место.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член вработениот во МРТ, на негово барање или по потреба на МРТ може да биде трајно или времено распореден на друго работно место на пониско ниво, или на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во Правилникот за систематизација на работни места, доколку настанале организациони промени во институцијата поради кои се укинува работното место на кое вработениот е распореден.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член на вработениот ќе му биде понудено пониско работно место од она на кое претходно бил распореден.

(4) Во случаите од ставот (2) на овој член доколку вработениот одбие да биде распореден на пониско работно место истиот ќе биде ставен на трансфер листа согласно закон и ќе започне постапка за негово преземање во друга институција.

(5) Постапката за мобилност преку преземање на вработени од МРТ во друга институција и обратно задолжително се спроведува во согласност со одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор.

**Престанување на важност**
**Член 10**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за вработување, унапредување, и распоредување на даватели на услуги и помошно-технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија бр. 01-4981од 13.01.2020 година.

**Влегување во сила**
**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување на Огласната табла на МРТ и на интернет-страницата на МРТ.

ПРОГРАМСКИ СОВЕТ

Бр.02-3602/3
19.06.2026 година

на Јавното радиодифузно претпријатие
Македонска радио-телевизија

Давор Пашоски
Претседател